# И н ф о р м а ц и ј а
# За извршени оперативни активности на ЈП Комунална хигиена во 2014 година

## ВОВЕД

ЈП Комунална хигиена врши дејност од јавен интерес и како Претпријатие формирано од страна на Градот е јавен сервис за одржување на комуналната хигиена на подрачјето на Град Скопје. Претпријатието учествува во постапувањето со комуналниот отпад на подрачјето на Град Скопје и во поголемиот дел од руралните средини кои се составен дел на скопските Општини

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

**I. Основна дејност:**

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

**II. Дополнителни дејности**

- Чистење на септички јами;
- Подигање на згазени и умрени животни и заловување и третман на кучиња – скитници во стационар

**III. Други оперативни активности**

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

**IV. Вонредни активности**

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со ГУП е поделено на 71 блок и ЈП Комунална хигиена го врши со специјални комунални возила за подигање на поставените садови за таа намена и тоа: контејнери од 1.100 литри и 5.000 литри, како и подигање на пластични канти од 120 литри кај индивидуалните домаќинства, кај кои отпадот се собира со специјални возила и се истовара во подвижни претоварни станици и се транспортира до депонијата Дрисла.

Микролокациите на контејнерите од 1.100 литри ги определува надлежниот орган на Град Скопје.

Вкупниот број на поставени наменски садови - контејнери во Градот е: 4.173 парчиња од 1.100 литри и 63.074 пластични канти од 120 литри наменети за Домаќинствата и 403 парчиња од 5.000 литри и 576 парчиња од 1.100 литри наменети за Правните лица.Во руралниот дел отпадот се собира од 15.201 домаќинство.

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно.

## I. Собирање и транспортирање на комунален отпад

Во текот на 2014 година од подрачјето на Град Скопје и од руралните средини собрани се и транспортирани **143.385 тони** комунален отпад. Направени се **29.344 тури**.

Од вкупната количина на собран и транспортиран комунален отпад за периодот Јануари - Декември/2014 година, ЈП Комунална хигиена од подрачјето на Град Скопје , односно урбаниот дел собра и транспортира **131.020 тони** , направени се **26.408 тури**.

Остатокот од **12.365 тони** комунален отпад е собран и транспортиран од руралните средини.Направени се **2.936 тури**.

Од вкупно подигнатиот комунален отпад по видови на садови од вкупната количина на отпадот – **143.385 тони**, од контејнери од 1.100 литри е подигнато **74.141 тони или 51,70 %**, од канти од 120 л. подигнато е **58.105 тони или 40,53 %** и од контејнери од 5.000 литри подигнато е **11.139 тони или 7,77 %**.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во 2014 година изнесува **143.385 тони** и во споредба со 2013 година кога беа подигнати **133.271 тони**, бележи зголемување за **7,59%.**

Заради подобар увид во работењето и ангажираните капацитети даден е табеларен споредбен приказ на количините и динамиката (тури) за периодот 2014 во однос на 2013 година.

**ПРЕГЛЕД**
**На подигнат отпад по видови на садови**
**за период Јануари – Декември 2014 година споредено со 2013 година**

Во Прегледот што следи дадени се собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на **подрачјето на Град Скопје и во руралните средини** за период 01.01 до 31.12.2014 година:

| МЕСЕЦИ | конт.1.100 л. во тони | канти 120л. | конт.5.000 л. во тони | Вкупно отпад 2014 | Вкупно тури 2014 | Вкупно отпад 2013 | Вкупно тури 2013 | Индекс | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9(5:7) | 10(6:8) |
| **ЈАНУАРИ** | 5.256 | 3.991 | 835 | 10.082 | 2.156 | 9.411 | 1.975 | 107,13 | 109,16 |
| **ФЕВРУАРИ** | 5.063 | 3.855 | 854 | 9.772 | 2.004 | 8.794 | 1.818 | 111,12 | 110,23 |
| **МАРТ** | 6.109 | 4.406 | 918 | 11.433 | 2.151 | 10.156 | 2.001 | 112,57 | 107,50 |
| **АПРИЛ** | 6.047 | 4.549 | 967 | 11.563 | 2.121 | 11.810 | 2.181 | 97,91 | 97,25 |
| **МАЈ** | 6.693 | 5.229 | 932 | 12.854 | 2.631 | 11.605 | 2.259 | 110,76 | 116,47 |
| **ЈУНИ** | 6.281 | 4.955 | 916 | 12.152 | 2.562 | 10.772 | 2.134 | 112,81 | 120,06 |
| **ЈУЛИ** | 6.528 | 5.562 | 906 | 12.996 | 2.662 | 12.575 | 2.263 | 103,35 | 117,63 |
| **АВГУСТ** | 6.875 | 5.562 | 877 | 13.314 | 2.632 | 11.777 | 2.183 | 113,05 | 120,57 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 6.932 | 5.625 | 1022 | 13.579 | 2.695 | 11.831 | 2.152 | 114,77 | 125,23 |
| **ОКТОМВРИ** | 6.499 | 5.529 | 983 | 13.011 | 2.769 | 12.818 | 2.267 | 101,51 | 122,14 |
| **НОЕМВРИ** | 6.089 | 4.667 | 926 | 11.682 | 2.495 | 11.580 | 2.108 | 100,88 | 118,36 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 5.769 | 4.175 | 1003 | 10.947 | 2.466 | 10.142 | 2.079 | 107,94 | 118,61 |
| **ВКУПНО** | **74.141** | **58.105** | **11.139** | **143.385** | **29.344** | **133.271** | **25.420** | **107,59** | **115,44** |

Во следниот Преглед дадени се вкупните количини на собран и транспортиран комунален отпад по Општини:

| ОПШТИНИ | 2014 г. во тони | 2013 г. во тони | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 (2:3) |
| - Горче Петров | 10.897 | 10.795 | 100,94 |
| - Карпош | 20.920 | 19.258 | 108,63 |
| - Центар | 18.439 | 18.951 | 97,30 |
| - Кисела Вода | 17.880 | 15.579 | 114,77 |
| - Аеродром | 19.199 | 18.431 | 104,17 |
| - Гази Баба | 18.912 | 16.699 | 113,25 |
| - Чаир | 19.715 | 17.845 | 110,48 |
| - Бутел | 11.774 | 9.809 | 120,03 |
| - Шуто Оризари | 5.649 | 5.904 | 95,68 |
| **ВКУПНО:** | **143.385** | **133.271** | **107,59** |

### 1. *Собирање и транспортирање на комунален отпад Од контејнери од 1.100 литри*

Вкупно подигнат комунален отпад во 2014 година од контејнери од 1.100 литри изнесува **74.141 тони** и во споредба со 2013 година кога беа подигнати **70.804 тони**, бележи зголемување за 4,71%.

Од месец Јуни 2013, Претпријатието отпочна со **подигнување на комунален отпад од подземните контејнери** кои се распоредени на 19 локации во Општина Центар (17 локации) и Општина Чаир (2 локации).

Отпадот се подига со едно специјално возило и вкупна подигната количина на комунален отпад за 2014 година **изнесува 1.677 тони**.Оваа количина влегува во збирот на подигнат комунален отпад од контејнери од 1.100 литри.

### *2. Собирање и транспортирање на комунален отпад Од пластични канти од 120 литри*

Кај индивидуалното живеење-домаќинства во 2014 година од пластични канти од 120 литри, подигнато е вкупно **58.105 тони** и во споредба со 2013 година кога беа подигнати **52.565 тони**, бележи зголемување од 10,54%.

Зголемувањето се должи на зголемен број на канти во 2014 година-63.074 садови во однос на 2013 година кога биле поставен 61.068 садови.Односно поставени се нови 2.006 канти на подрачјето на Град Скопје.

### *3. Собирање и транспортирање на комунален отпад од рурални средини*

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се 15.201 домаќинство од населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел и Карпош.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично и ангажирани се 10 (десет специјални возила), 9 (девет) возила од ЈП КХС и 1 (едно) возило од Општина Кисела Вода.

За периодот Јануари - Декември/2014 година собраниот и транспортиран комунален отпад изнесува **12.365 тони** и во споредба со истиот период во 2013 година кога беа подигнати **10.951 тони** бележи зголемување за 12,91%.

Зголемувањето произлегува од 216 нови домаќинства на кои од 2014 година отпочна да им се врши услуга.

Направени се вкупно 2.936 тури.

Во следниот Преглед е прикажан и вкупно собран комунален отпад од руралните средини за 2014 година по населени места/блокови:

| Месеци | Број на домаќинства | Количина на собран отпад (во тони) |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 15.201 | 859 |
| **ФЕВРУАРИ** | | 816 |
| **МАРТ** | | 930 |
| **АПРИЛ** | | 990 |
| **МАЈ** | | 1.053 |
| **ЈУНИ** | | 1.023 |
| **ЈУЛИ** | | 1.189 |
| **АВГУСТ** | | 1.184 |
| **СЕПТЕМВРИ** | | 1.232 |
| **ОКТОМВРИ** | | 1.190 |
| **НОЕМВРИ** | | 968 |
| **ДЕКЕМВРИ** | | 931 |
| **ВКУПНО:** | 15.201 | **12.365** |

**Преглед**
**На собран и транспортиран комунален отпад**
**од градско подрачје и од рурални подрачја за период**
**Јануари – Декември/2014 година споредено со 2013 година**

| **Подрачје** | **Собран комунален отпад во 2014 г. (тони)** | **Стр.** | **Собран комунален отпад во 2013 г. (тони)** | **Стр.** | **Разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | | **3** | | **4 (2-3)** | **5 (2:3)** |
| Градско подрачје | 131.020 | 91,38 | 122.320 | 91,78 | 8.700 | 107,11 |
| Рурални подрачја | 12.365 | 8,62 | 10.951 | 8,22 | 1.414 | 112,91 |
| **Вкупно:** | **143.385** | **100** | **133.271** | **100** | 10.114 | 107,59 |

## *4. Оперативна единица за селекција на отпад и трансфер центри*

Во рециклажниот двор, отпадот собран од формалните собирачи се откупува од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата се собира, пресува и складира, како и хартијата и картонската амбалажа кои се собираат и складираат.Истата заедно со селектираниот отпад собран од наша страна се предава на Пакомак.

Следи Преглед на собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и лименки и Преглед на предадена количина на Пакомак за период од 01.01 до 31.12.2014 година:

**Преглед**
**На собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и лименки за период од 01.01 до 31.12.2014 година**

| Месеци 2014 година | ЈП Комунална хигиена | | | Формални собирачи | | | Се вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПЕТ амбалажа (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Лименки (кгр) | ПЕТ амбалажа (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Лименки (кгр) | ПЕТ амбалажа (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Лименки (кгр) |
| 1 | 2 | | | 3 | | | 4 (2+3) | | |
| Јануари | 50 | 200 | 0 | 10.968 | 54.356 | 5 | 11.018 | 54.556 | 5 |
| Февруари | 50 | 300 | 0 | 5.943 | 30.180 | 14 | 5.993 | 30.480 | 14 |
| Март | 50 | 250 | 0 | 5.725 | 40.924 | 0 | 5.775 | 41.174 | 0 |
| Април | 50 | 2.311 | 0 | 4.369 | 34.599 | 2 | 4.419 | 36.910 | 2 |
| Мај | 50 | 1.416 | 0 | 3.188 | 30.184 | 12 | 3.238 | 31.600 | 12 |
| Јуни | 50 | 250 | 0 | 2.637 | 30.730 | 49 | 2.687 | 30.980 | 49 |
| Јули | 100 | 2.120 | 0 | 2.500 | 27.808 | 4 | 2.600 | 29.928 | 4 |
| Август | 25 | 250 | 0 | 2.023 | 32.398 | 8 | 2.048 | 32.648 | 8 |
| Септември | 50 | 250 | 0 | 1.946 | 40.529 | 2 | 1.996 | 40.779 | 2 |
| Октомври | 25 | 300 | 0 | 2.820 | 53.634 | 21 | 2.845 | 53.934 | 21 |
| Ноември | 25 | 1.370 | 0 | 2.331 | 56.935 | 8 | 2.356 | 58.305 | 8 |
| Декември | 225 | 1.676 | 0 | 1.540 | 26.060 | 2 | 1.765 | 27.736 | 2 |
| ***Вкупно:*** | ***750*** | ***10.693*** | ***0*** | ***45.990*** | ***458.337*** | ***127*** | ***46.740*** | ***469.030*** | ***127*** |

**Преглед**
**на предадена количина на Пакомак**
**за период од 01.01 до 31.12.2014 година**

| Месеци 2014 година | Предадено на Пакомак од 01.01 до 31.12.2014 г. | | |
|---|---|---|---|
| | ПЕТ амбалажа (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Лименки (кгр) |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Јануари | 7.620 | 53.700 | 0 |
| Февруари | 9.070 | 27.840 | 0 |
| Март | 5.780 | 40.420 | 0 |
| Април | 3.710 | 41.080 | 0 |
| Мај | 3.420 | 31.680 | 0 |
| Јуни | 3.065 | 30.020 | 0 |
| Јули | 2.795 | 30.880 | 180 |
| Август | 2.300 | 30.280 | 0 |
| Септември | 1.610 | 37.240 | 0 |
| Октомври | 2.860 | 53.690 | 0 |
| Ноември | 2.550 | 64.440 | 0 |
| Декември | 1.960 | 27.760 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***46.740*** | ***469.030*** | ***180*** |

## 5. Одржување на јавната чистота

Одржување на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење (рачно и машински) на јавните сообраќајни површини, притоа празнење и чистење на корпите за отпадоци поставени на јавните површини, како и

чистење на сметот (до и околу контејнерите за комунален отпад, пешачките зони, тротоари, пешачки премини, мостови и друго) .

За период од 01.01 до 31.12.2014 година од вкупно планираната површина 702.255.190 м$^2$ остварено е 647.565.380 м$^2$ или за 7,79% помалку во однос со планираната. Во Прегледот што следи може да се види планираното и оствареното по Општини:

**ПРЕГЛЕД**
**На планирано и оставрено по Општини и категории за 2014 година**

| ОПШТИНИ | Вкупно планирано м$^2$ | Вкупно остварено м$^2$ | Стр. на остварено | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕНТАР** | | | | |
| I | 157.040.936 | 164.079.000 | | |
| II | 151.654.308 | 141.837.000 | | |
| III | 8.548.800 | 7.960.000 | | |
| **ВКУПНО** | **317.244.044** | **313.876.000** | **48,47** | **98,94** |
| **К.ВОДА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 35.488.882 | 32.094.500 | | |
| III | 5.892.172 | 4.866.000 | | |
| **ВКУПНО** | **41.381.054** | **36.960.500** | **5,71** | **89,32** |
| **АЕРОДРОМ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 27.742.260 | 22.665.500 | | |
| III | 12.270.440 | 7.966.000 | | |
| **ВКУПНО** | **40.012.700** | **30.631.500** | **4,73** | **76,55** |
| **КАРПОШ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 94.796.208 | 79.888.000 | | |
| III | 13.261.430 | 8.760.000 | | |
| **ВКУПНО** | **108.057.638** | **88.648.000** | **13,69** | **82,04** |
| **ЧАИР** | | | | |
| I | 19.076.590 | 19.561.000 | | |
| II | 80.403.986 | 77.766.000 | | |
| III | 6.191.250 | 5.881.000 | | |
| **ВКУПНО** | **105.671.826** | **103.208.000** | **15,94** | **97,67** |
| **БУТЕЛ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 18.937.022 | 14.585.500 | | |
| III | 4.149.600 | 3.635.000 | | |
| **ВКУПНО** | **23.086.622** | **18.220.500** | **2,81** | **78,92** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ГАЗИ БАБА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 36.879.856 | 30.541.000 | | |
| III | 10.909.730 | 9.031.000 | | |
| **ВКУПНО** | **47.789.586** | **39.572.000** | **6,11** | **82,80** |
| **Ѓ.ПЕТРОВ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 13.089.050 | 11.312.000 | | |
| II | 4.313.010 | 3.583.000 | | |
| **ВКУПНО** | **17.402.060** | **14.895.000** | **2,30** | **85,59** |
| **Ш.ОРИЗАРИ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 216.580 | 208.740 | | |
| III | 1.393.080 | 1.345.140 | | |
| **ВКУПНО** | **1.609.660** | **1.553.880** | **0,24** | **96,53** |
| ***СЕ ВКУПНО*** | ***702.255.190*** | ***647.565.380*** | ***100*** | **92,21** |

## II. Дополнителни дејности

- **Чистење на септички јами**

Чистењето на септички јами се врши по барање на физички и правни лица.Во периодот 01.01 до 31.12.2014 година, извршени се вкупно услуги на 10 правни лица за чистење на септички јами и исчистени се вкупно 122,5 м$^3$.

| ОПИС | 2014 год. | 2013 год. |
|---|---|---|
| - Број на извршени услуги -правни лица | 10 | 36 |
| - Исчистени м$^3$ | 122,5 | 1.485 |

Од табелата може да се види дека бројот на извршени услуги е намален за 72,22%, додека количината на исчистени фекални води изразена во м$^3$ е намалена за 1.362,5 м$^3$ односно за 91,75%.

- **Служба за подигање на згазени и умрени животни и заловување на кучиња и нивно третирање во стационар**

Во Прегледот што следи може да се види бројот на подигнати згазени и умрени животни во текот на 2014 година по месеци споредени со истиот период во 2013 година:

| Месеци / Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XII/2014 | Вкупно I-XII/2013 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 (14-15) | 17 (14:15) |
| Кучиња | 18 | 23 | 20 | 30 | 16 | 26 | 17 | 16 | 21 | 26 | 19 | 22 | **254** | **302** | **-48** | **84,11** |
| Мачки | 18 | 17 | 11 | 12 | 14 | 19 | 21 | 22 | 10 | 28 | 29 | 31 | **232** | **22** | **210** | **1.054,55** |
| Др. Добиток | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **4** | **0** | **4** | **0,00** |
| **Вкупно:** | **36** | **40** | **31** | **42** | **30** | **46** | **40** | **39** | **31** | **54** | **48** | **53** | **490** | **324** | **166** | **151,23** |

Во следниот Прегледот може да се види бројот на заловени и третирани бездомни животни во стационарот Вардариште, по месеци за период од 01.01 до 31.12.2014 година:

| Месеци / Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XII/2014 | Вкупно I-XII/2013 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 (14-15) | 17 (14:15) |
| **Заловени** | 149 | 190 | 223 | 200 | 182 | 184 | 205 | 222 | 203 | 185 | 166 | 89 | **2.198** | **2.409** | **-211** | **91,24** |
| **Кастр/Оварх.** | 105 | 131 | 156 | 149 | 121 | 133 | 122 | 137 | 138 | 125 | 103 | 0 | **1.420** | **1.676** | **-256** | **84,73** |
| **Еутаназирани** | 39 | 44 | 53 | 48 | 53 | 47 | 58 | 78 | 62 | 42 | 29 | 5 | **558** | **502** | **56** | **111,16** |
| **Вдомени** | 5 | 15 | 14 | 3 | 8 | 4 | 24 | 7 | 3 | 18 | 34 | 0 | **135** | **267** | **-132** | **50,56** |

Во 2014 година Службата за заловување и третман на кучиња скитници заловила вкупно 2.198 бездомни животни и во споредба со 2013 година кога беа заловени вкупно 2.409 животни бележи намалување за 8,76%.Третирани се 1.420 единки и во споредба со минатата година кога беа третирани 1.676, се бележи намалување за 15,27%.Исто така има намалување и кај вдомените односно во 2014 година- 135 кучиња , во 2013 година – 267 кучиња изразено во проценти изнесува 49,44%.

Зголемување во однос на 2013 година се бележи кај еутанизираните животни.Во 2014 година – 558, во 2013 година – 502 кучиња односно во проценти 11,16%.

## III. Други оперативни активности

### - ЕКО - патрола

Во текот на 2014 година, Еко-патролата продолжи со своите активности како што се секојдневните патролирања во Општините во Градот Скопје.

Покрај секојдневните контроли, Еко-патролата изврши и надзор на активностите кои ги извршуваат формалните собирачи на отпад во блоковите со кои се задолжени.

За периодот Јануари-Декември/2014 година Еко патрола има направено вкупно 2.350 записници од кои: 445 за комунален отпад, 1.147 едукативни и 758 од анкетирани граѓани.Откриени и расчистени се **2.157 м$^3$** отфрлен градежен отпад и шут и кабаст отпад и гранки.

Во табелата што следи може да се видат направените записници за комунален отпад, како и едукативни записници по Општини:

| Ред.бр. | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад | | Едукативни записници | Анкетирани граѓани | Вкупно направени записници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на запиници | Откриени и расчистени м$^3$ | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 (3+5+6) |
| 1. | Општина Центар | 130 | 654 | 293 | 110 | 533 |
| 2. | Општина Карпош | 54 | 256 | 214 | 124 | 392 |
| 3. | Општина Аеродром | 62 | 245 | 184 | 64 | 310 |
| 4. | Општина К.Вода | 27 | 195 | 128 | 96 | 251 |
| 5. | Општина Чаир | 94 | 457 | 152 | 44 | 290 |
| 6. | Општина Бутел | 21 | 89 | 55 | 111 | 187 |
| 7. | Општина Гази Баба | 49 | 224 | 93 | 137 | 279 |
| 8. | Општина Ѓорче Петров | 8 | 37 | 34 | 71 | 113 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 |
| **Вкупно записници** | | **445** | **2.157** | **1.153** | **760** | **2.358** |

**- Дежурен телефон**

Во рамките на Претпријатието работи и Службата Дежурен телефон која има за цел : евидентирање на повици од граѓаните - поплаки и пофалби за работењето на Претпријатието.Службата работи во две смени.

Во текот на 2014 г. на дежурниот телефон биле регистрирани 499 јавувања од граѓани.

Најголем дел од јавувањата се однесуваат на неподигнат отпад од канти и контејнери (368 јавувања).

Службите реагираат на јавувањата во најкус можен рок, но сепак поради временските услови,блокирани контејнери со непрописно паркирани возила и друго се интервенира во рок од неколку дена.

**- Еколошка едукација**

Службата за Развој која е дел од Секторот за ИТ и Развој, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи.

Во текот на 2014 година реализирани се еко часови во 22 основни училишта во Општините Чаир, Центар,Бутел,Кисела Вода и Шуто

Оризари.Со едукација беа опфатени 1.073 ученици кои преку презентации и нагледни материјали се запознаа со процесот на селекција на отпадот.

Исто така беа едуцирани и децата од предучилишните установи и тоа вкупно 571 дете од 16 градинки.

**ПРЕГЛЕД**
**На реализирана едукација по Општини за 2014 година**

| Месец | Општина | Бр.на училишта | Бр.на ученици | Бр.на градинки | Бр.на деца | Вкупно едуцирани |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Февруари | Бутел | 5 | 281 | 1 | 15 | 296 |
| Март | Чаир,Бутел | 2 | 60 | 1 | 20 | 80 |
| Април | Бутел | 1 | 20 | 5 | 147 | 167 |
| Мај | Ш.Оризари | 2 | 74 | - | - | 74 |
| Октомври | Центар,К.Вода, Чаир,Бутел | 6 | 255 | 3 | 160 | 415 |
| Ноември | Кисела Вода | 3 | 204 | 6 | 229 | 433 |
| Декември | Кисела Вода | 3 | 179 | - | - | 179 |
| **Вкупно:** | | **22** | **1.073** | **16** | **571** | **1.664** |

## IV. Вонредни активности

### Расчистување на диви депонии/напуштен отпад

На територијата на град Скопје ЈП Комунална хигиена во текот на 2014 година, интервенираше на на повеќе локации и тоа во Општина Гази Баба од создадената дива депонија отстрани 100 $м^3$ комунален отпад измешан со градежен шут, во Општина Бутел – 260 $м^3$ и во Општина Шуто Оризари – 440 $м^3$ или вкупно на територијата на Град Скопје од создадени диви депонии отстранети се 800 $м^3$ комунален отпад измешан со градежен шут.

**ИЗРАБОТИЛ**
**Емилија Владимирова**

**Служба за Централно планирање**